# Технологија за помош со ниска цена за време на КОВИД-19

## Како можете да трошите од вашиот буџет за да го добиете тоа што ви треба

# Low cost Assistive Technology during COVID-19

## How you can spend your budget to get what you need

**Политика за лесно читање**



ndis.gov.au Macedonian | Македонски



# Што содржи овој документ?


| | |
|---|---|
| Што е технологија за помош | 5 |
| Промени на вашата поддршка и услуги | 6 |
| Трошење на вашиот буџет за технологија за помош со ниска цена | 8 |
| Избирање што да се купи | 10 |
| Буџет за основна поддршка | 12 |
| Буџет за развивање на способности | 15 |
| Работи кои не се вклучени | 16 |
| Прашања што луѓето често ги поставуваат | 19 |
| Список на зборови | 26 |
| Јавете нѝ се | 30 |

# Како да се користи оваа политика




**Политика** е план како треба да ги правиме работите.




Овој информативен лист го состави Националната агенција за осигурување при онеспособеност (The National Disability Insurance Agency - NDIA). Кога ќе го видите зборот „ние“, тоа значи NDIA.



Овој информативен лист го напишавме на начин што е лесен за читање.

Користиме слики за да објасниме некои идеи.




Некои зборови ги напишавме со **дебели букви**. Ние објаснуваме што тие зборови значат. Список на тие зборови е на страница 26.




Овој информативен лист за лесно читање е кус преглед на еден друг документ.




Тој друг документ можете да го најдете на нашата веб-страница на **www.ndis.gov.au**



Може да побарате помош за да го прочитате овој информативен лист. Некој пријател, член на семејството или лице за поддршка би можело да ви помогне.

# Што е технологија за помош



Кога ви треба помош за секојдневни работи, може да користите **технологија за помош**.



На лицата со онеспособеност, технологијата за помош може

- да им олесни да прават нешта
- да ги одржува безбедни.

Технологија за помош може да биде:



- помагало или опрема



- систем што се користи.

# Промени на вашата поддршка и услуги



Коронавирусот ги промени начините на кои давателите на услуги им даваат поддршка и услуги на корисниците.



**Корисници** се луѓе со онеспособеност кои учествуваат во NDIS.



Многумина корисници живеат дома.

Но ним и натаму им требаат поддршка и услуги.



Давателите на услуги (service providers) мора да најдат поинакви начини за давање поддршка и услуги.

Многумина корисници сега се поврзуваат со нивните даватели на услуги онлајн користејќи:



- умни мобилни телефони (smartphones)
- таблети
- компјутери.

Вие може да разговарате со вашиот давател на услуги како може да продолжите да добивате поддршка:



- користејќи ја технологијата што веќе ја имате



- учествувајќи во програма на вежби што може да ги правите дома



- позајмувајќи опрема за да ја користите



- останувајќи во контакт по телефон.

# Трошење на вашиот буџет за технологија за помош со ниска цена



Оваа политика е за тоа како можете да трошите од вашиот **буџет** за технологија за помош со ниска цена.




Ваш буџет е колку пари добивате од NDIS за да потрошите на поддршката што ви е потребна за остварување на вашите цели.




Технологијата за помош е со ниска цена ако чини помалку од 1.500 долари.



Некои корисници веќе можат да купат технологија за помош со ниска цена, ако таа им помага да прават нешта што им е тешко или невозможно да ги прават поради нивната онеспособеност.




До септември 2020 година, корисниците можат нивниот буџет да го трошат за технологија за помош со ниска цена ако:




- таа ви помага да продолжите да ги користите поддршките и услугите што ги финансира NDIS




- вашиот давател на услуги напишал писмо дека ви треба технологија за помош



- вие сеуште го немате тоа што треба да го купите




- вие не сте добиле пари за тоа нешто од друго место.




Во јуни 2020 година ќе разгледаме колку добро оваа нова политика функционира.



Направивме список на нешта за чие купување не можете да го користите вашиот буџет.

Тој список можете да го прочитате на страница 16.

# Избирање што да се купи



Ако сакате да купите технологија за помош со ниска цена, мора да размислите:

- дали цената одговара на вредноста
- за квалитетот
- за буџетот.



Има прашања што треба да се прашате самите пред нешто да купите.



Дали предметот вреди толку пари колку што ќе го платам?



Дали е тој со добар квалитет?




Дали тој ќе ми помогне да ги постигнам моите цели?



Дали во мојот буџет има доволно пари за да го купам?




За електронски апарат не треба да потрошите повеќе од 750 долари.




Тоа е затоа што на повеќето корисници им требаат само основни апарати што чинат околу 600 долари.



Вашиот буџет може да го користите и за купување на покривка за заштита на вашиот нов апарат.

# Буџет за основна поддршка




Ние извршивме промени на тоа како корисниците може да го користат нивниот **буџет за основна поддршка (Core Supports budget)**.




Вашиот буџет за основна поддршка е за поддршка и услуги што ви се најпотребни и најмногу ги користите.



Вашиот буџет за основна поддршка може да го користите на разни начини.



Вие би можеле да ги користите средствата за потрошен материјал (consumables) од вашиот буџет за основна поддршка за да купите технологија за помош со ниска цена.



**Потрошен материјал** се нешта што ги користите:

- многу
- секој ден.



Ако немате доволно средства за потрошен материјал, можеме да ви ги обезбедиме од друго место.

Овие промени значат дека би можеле да купите:



- компјутерски таблет за да можете да учествувате во активности онлајн



- опрема за одржување на физичка кондиција.









Вие може да го правите тоа ако вашиот NDIS план е:

- **самостојно управуван**
- **управуван со план**
- **управуван од агенција**.




Ако вашиот NDIS план е самостојно управуван (self-managed), вие самите водите сметка за парите што ги добивате од NDIS.




Ако вашиот NDIS план е управуван со план (plan-managed), вие плаќате некого да води сметка за парите што ги добивате од NDIS.



Ако вашиот NDIS план е управуван од агенција (agency-managed), вие користите **даватели на услуги регистрирани во NDIS** и нив ги плаќа NDIA.



Давател регистриран во NDIS:

- може да понуди поддршка и услуги на лица со онеспособеност кои учествуваат во NDIS
- е на списокот што го водиме во NDIA.

# Буџет за развивање на способности



Некои корисници имаат **буџет за развивање на способности**.

Кога ги развивате вашите способности, вие учите како да правите повеќе работи за себеси.




Вашиот буџет за развивање на способности може да се користи за да ги развиете вашата:

- **самостојност**
- способности.



Вие сте независни ако можете да правите работи за себеси.




Ако во вашиот буџет имате пари само за развивање на способности, ние ќе ви дадеме специјална шифра за да купите технологија за помош со ниска цена.

# Работи кои не се вклучени

Со пари од вашиот буџет не можете да купите технологија за помош со ниска цена ако таа:



- не е во врска со вашата онеспособеност




- не ви помага да продолжите да добивате NDIS поддршка и услуги кои се наведени во вашиот NDIS план



- е повеќе одошто навистина ви е потребно



- сакате да купите повеќе од еден апарат




- е смартфон, смарт-часовник или таблет со 3G или 4G мобилна врска



Ако сакате таблет со 3G или 4G мобилна врска, разликата може да ја платите со ваши пари.



- е поевтино апаратот да го изнајмите во периодот кога ви е потребен



- сакате да замените друга технологија за помош со ниска цена, што е:
  - загубена
  - расипана
  - оштетена.




Ние нема да ја замениме вашата технологија за помош ако не ги следите нашите правила за заменување.

Вашето финансирање не можете да го користите за:



- дополнителни компјутерски делови



- вашата интернет врска, вклучувајќи:
  - „data“ за мобилен телефон
  - wi-fi.



Вашето финансирање не можете да го користите за плаќање за софтвер или апликации (apps) ако тие не се во вашиот NDIS план.

Вашето финансирање не можете да го користите за купување на дополнителни нешта за вашиот апарат, како што се:



- штитници за екран



- полначи



- рачки за „селфи“



- дополнителни кабли.

# Прашања што луѓето често ги поставуваат

## Како да добијам технологија за помош со ниска цена што ми е потребна




Технологија за помош со ниска цена можете да купите од кој и да е давател, ако вашиот NDIS план е:

- самостојно управуван
- управуван со план.



Ако користите менаџер на план (plan manager), тој/таа може да ви помогне да платите за технологијата за помош со ниска цена што ви е потребна.




Ако самостојно управувате со вашиот план, може да отидете на **порталот myplace** и да поднесете барање за исплата.




Порталот myplace е веб-страница каде ги чуваме сите ваши NDIS информации.

Вашите информации се безбедни на порталот.



Потоа вие може да му платите на вашиот давател.




Исто така можете:

- да му платите на вашиот давател
- да добиете сметка (receipt)
- да отидете на порталот myplace и да поднесете барање за исплата.




Мора да ја приложите сметката.




Пари од вашиот буџет ќе префрлиме на вашата банковна сметка во рок од 48 часа.



Ако со вашиот NDIS план управува агенција, вие мора да купите технологија за помош со ниска цена од некој давател регистриран во NDIS.

**Што ако нема доволно пари во мојот буџет?**




За да платите за технологија за помош со ниска цена, може да користите само пари што веќе се во вашиот буџет.

Промените значат дека може да користите средства кои веќе се во вашиот:




- Основен буџет (Core Budget)



- Буџет за големи потфати (Capital Budget) или



- Буџет за развивање на способности (Capacity Building Budget).



Нема да ви дадеме дополнителни пари за да платите за технологија за помош со ниска цена.



Ако во вашиот план нема доволно пари за да платите за поддршката што ви треба, може да побарате да го **преразгледаме** вашиот план.




Кога нешто преразгледувате (review), вие:

- внимателно го проучувате
- размислувате колку добро функционира.




Но, ние нема да го промениме вашиот план само за да купите технологија за помош со ниска цена.

## Која опрема за одржување на физичка кондиција може да купам?

Може да купите опрема за одржување на физичка кондиција (fitness equipment) што:



- порано сте ја користеле како дел од вашата поддршка и услуги



- ви е потребна за да продолжите да добивате поддршка и услуги додека сте дома.



Информации за тоа што ви е потребно треба да добиете во писмена форма од вашиот:

- давател на услуги
- давател на здравствена нега
- терапевт.



Вие би можеле да ја:

- позајмите опремата што ви е потребната од вашиот давател на услуги
- изнајмите опремата за периодот во кој ви е потребна.

**Што се случува ако веќе сум купил технологија за помош со ниска цена?**




Ако сте купиле технологија за помош со ниска цена после 1 април 2020 година, разговарајте со вашиот давател на услуги.



Вашиот давател на услуги мора:

- да се согласи дека ви треба технологија за помош со ниска цена
- да провери дали имате буџет за неа
- да нѐ извести во писмена форма.




Вие треба да го чувате писмото од вашиот давател, во кое се вели дека ви треба технологија за помош со ниска цена.



Ако технологијата за помош со ниска цена што сте ја купиле не е во согласност со нашата политика, треба да ги вратите парите што сте ги потрошиле.



Ако сте направиле грешка, ве молиме јавете нѝ се.



Нашите податоци за контакт се на страница 30.

**Дали може да купам опрема за играње за моите деца?**



Не, вие не можете да купите опрема за деца.



Може да разговарате со вашиот давател на услуги како да ја користите опремата за играње што веќе ја имате, за да помогнете вашето дете да ги постигне неговите цели.

## Список на зборови



**Управуван од агенција**

Ако вашиот NDIS план е управуван од агенција (agency-managed), вие користите даватели регистрирани во NDIS, а NDIA ги плаќа.

**Технологија за помош**



На лицата со онеспособеност, технологијата за помош може

- да им олесни да прават нешта
- да ги одржува безбедни.



Технологија за помош може да биде:

- помагало или опрема
- систем што се користи.




**Буџет**

Ваш буџет е колку пари добивате од NDIS за да потрошите на поддршката што ви е потребна за остварување на вашите цели.



## Буџет за развивање на способности

Кога ги развивате вашите способности, вие учите како да правите повеќе работи за себеси.




Вашиот буџет за развивање на способности може да се користи за да ги развиете вашата:

- самостојност
- способности.



## Потрошен материјал

Потрошен материјал се нешта што ги користите:

- многу
- секој ден.




## Буџет за основна поддршка

Вашиот буџет за основна поддршка е за поддршка и услуги што ви се најпотребни и најмногу ги користите.



## Самостојност

Вие сте независни ако можете да правите работи за себеси.




**Портал myplace**

Порталот myplace е веб-страница каде ги чуваме сите ваши NDIS информации.

Вашите информации се безбедни на порталот.



**Корисници**

Корисници се луѓето со онеспособеност кои учествуваат во NDIS.




**Управуван со план**

Ако вашиот NDIS план е управуван со план (plan-managed), вие плаќате некого да води сметка за парите што ги добивате од NDIS.




**Политика**

Политика е план за тоа како треба да ги правиме нештата.

**Давател регистриран во NDIS**



Давател регистриран во NDIS:

- може да понуди поддршка и услуги на лица со онеспособеност кои учествуваат во NDIS
- е на списокот што го водиме во NDIA.

**Преразгледување**




Кога нешто преразгледувате (review), вие:

- внимателно го проучувате
- размислувате колку добро функционира.

**Самостојно управуван**




Ако вашиот NDIS план е самостојно управуван (self-managed), вие самите водите сметка за парите што ги добивате од NDIS.

# Јавете нѝ се



**1800 800 110**



enquiries@ndis.gov.au



GPO Box 700

Canberra

ACT 2601




www.ndis.gov.au



The Information Access Group го подготви овој документ за лесно читање користејќи професионални фотографии и секојдневни слики. Сликите не можат да бидат повторно употребени без дозвола. За сите прашања за сликите, ве молиме видете на **www.informationaccessgroup.com**. Наведете ја работата број 3549.

ndis.gov.au

ndis